

ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА

# ДВОЈНИК

# Автоскоп

Поетската реч ми е искрена, чувствителна и навидум едноставна, но сигурно повеќеслојна и длабока. Наменета е за повеќе групи читатели, кои можат во склад со сопствените искуства да се пронајдат во пишаниот збор. Тоа го овозможува искреноста на изворниот исказ исполнет со емоции, кој доаѓа директно и длабоко од душата и со кој може да се поистовети скоро сечија судбина, како и дијапазонот на зборови, изреки и мудрости, црпени од македонската традиција и народната литература. Преку нив се доловува поистоветување на душата со душите на широката читачка публика.

Стиховите ми се полни со женствена сила, со љубов за ближните, љубов за убавините на татковината, натопени се со чувства што копкаат по разумот, роварат и постојано ставаат прашалници во душата, а во тој вител на патешествија и беспатја, во тој вител на живот поделен на два дела и растргнат на два континента, на пиедестал си ја вадам и душата, која исто така е поделена на два дела за двојник, два дела за јаве и сон, два дела за копнеж и неоствар, два дела за виделина и темнина, два дела за минато и сегашност, два дела за биднина и небиднина, два дела за Фројдовското јас...

Кристално чистите мотиви низ стиховите предизвикуваат мечта за длабока анализа на човечкото постоење. Тие се предизвик за пресврт во размислувањето, од секојдневно до суштински генетичко и историско, за себеосознавањето и за гордоста на припаѓањето на народ, на земја, на историја која обврзува на почит.

Стихозбирката „Двојник" е патоказ кон себесвртување, себеанализирање и себепочитување, патоказ кон искрено себеогледување на постигнатото, на посакуваното, на заборавеното. Огледувањето во огледалото на реалноста е така потребно во денешниот забрзан живот.

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

Жаклина Михајлова

# Д в о ј н и к

Агенција за иселеништво на Република Македонија

За издавачот Васил Наумов

јуни 2014

Жаклина Михајлова

# Д в о ј н и к

Издава: Агенција за иселеништво на Република Македонија

За издавачот Васил Наумов

јуни 2014

Насловна страница и илустрации: **Ева Козаровска**

Фотографија: **Драган Димитровски „Mak Video”**

Рецензенти: **доц. д-р Христо Петрески**
**м - р Марина Мијаковска**

Технички уредник: **Јове Стојановски „Mactel (Aust) P/L”**

Лектор: **Елена Боцевска**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

..................................

Михајлова Жаклина
Двојник / Михајлова Жаклина
Скопје
: Агенција за иселеништво на Република Македонија, 2014. -
70

ISBN ...............................

COBISS.MK-ID ................ ***

Copyright by: **Жаклина Михајлова**

Содржина

Илузија...
Песна ....................................................................................9
Двојник...................................................................................10
Не како што е речено.............................................................11
Боите на сивилото.................................................................12
Прашање...............................................................................13
Втора виолина ......................................................................14
Јас и јас.................................................................................15
Роман прв..............................................................................16
Ретка слика............................................................................17
Среќо моја.............................................................................18
Зависност..............................................................................19
Роман.....................................................................................20
Во мракот...............................................................................21
Божилак.................................................................................22
Сонце и месечина..................................................................23
Поплава..................................................................................24
Метаморфоза.........................................................................25
Дека ти не си јас....................................................................26
Вечна здравица......................................................................27
Седенка во Стоби..................................................................28
Рак..........................................................................................29
Фуснота..................................................................................30
Бајка.......................................................................................31
Огледало................................................................................32
Еј, ти.......................................................................................33
Талкање.................................................................................34
Релативен поглед...................................................................35
Судбина..................................................................................36

Бегство и надеж....................................................................37
Задоцнет воз.........................................................................38
Хармонија...
Хармонија.............................................................................40
Ветер.....................................................................................41
Ни почеток, ни крај...............................................................42
Што е среќата?..................................................................43-47
Немир.....................................................................................48
Филџан – човек.....................................................................49
Меѓу редови...........................................................................50
Совет......................................................................................51
Светука..................................................................................52
Моќ........................................................................................53
Бездна....................................................................................54
Panta Rhei..............................................................................55
Езгија......................................................................................56
Моја Македонија...
Makedonija katana mundi.......................................................58
На патот за Македонија.........................................................59
Кокино....................................................................................60
Куклици..................................................................................61
Албино – пауница..................................................................62
Липите празнуваат.................................................................63
На збогување.........................................................................64
доц. д-р Христо Петрески
Трајни и трогателни напеви за далечијата и небиднината......65
м-р Марина Мијаковска.
„Двојник” во писмото и световите од хартии.............................67
Белешка за авторот...............................................................68

## Жаклина Михајлова

# Двојник

Наместо посвета

НА КРУНИН ден
си крунисав круна.
Блесок инспирација,
ореол моментен, а траен…
Се случува!
Јас и јас



# ИЛУЗИЈА

# Песна

Да напишам песна, сакам,
песна – вознес вроден,
да напишам песна, сакам,
песна за живот згоден!

Да отворам срце ширно,
срце што тајни крие,
да отворам срце милно,
срце што зрна бисерни бие...

Ѓердан да нанижам од нив,
ѓердан, чувствителен, редок...
Та век и веков да стои
за мојата душа сведок!

# Двојник

Како на стража војникот
над мојот разум царува двојникот.
Исправено, постојано, цврсто стои
и клука неизмерно во мислите мои.

Што мислам јас, чудно,
и тој мисли, откривам!
Што правам јас и тој прави,
сокривам:

Каков леб се дели,
за какви цели
образот се бели?

Каде ли овој брод оди?
Кој ли кормилар и во
кој правец го води?

Еден куп прашања, рој,
всушност,
совеста моја се бори за
насушност.

# Не како што е речено

Зорле зурлите трештат,
чука тапанот чудно,
воградите срце непослушно бие,
задоцнет татнеж
потиснат в гради треба да спие.

Чуму се овие трепери нежни,
чуму е оваа насмевка сега,
чуму се овие зборови итри,
чуму е ова жарче во пепел?

Та нели сме веќе стари,
та нели се со катанец
затворени тие дамари?
Та нели среќата зела збогум,
та нели е сé пишано веќе,
та нели со сигурност надолу чекориме,
та нели е радоста само да животвориме?

Свирете свирки право македонско,
свирете просто, исконско!
Да имам сила да го играм вековното,
како и сите нашинки,
како баба ми,
како вистинска Македонка,
без отстапка.

## Боите на сивилото

Се слушаш ли
што зборуваш разуме?
Се гледаш ли
во огледало често?
Алот ти е голем
алосан,
судбина алипна
ти прави!
Бери ум сивило,
не шири бои
разновидни,
не шири далги
злокобни,
заплискувања мрачни,
бедни, натажени...
Запри, ислушај се вистино!
Ехото повтор и повтор
нека ти одѕвонува,
изгуби го времето
во просторот...

# Прашање

Што е ова -
јас и ти
две ели вити?

Што е ова -
живот див,
две тела,
а само
еден здив?

Што е ова -
простор в миг
премостен?
Што е ова -
мир обесчестен?

Што е овој
бодеж в гради,
и боли и пече,
а не сме
веќе млади!

# Втора виолина

На **муз**(ич**а**рка)**та**

Специфичен звук, нежен глас
извор љубов најавува.
Стихови вешти низ песна
во пазуви допираат.
Поројни дождови внатре
и памукот камен,
и каменот памук
го прават.

Сѐ само
за миг грабнато време.
Зграпчи го сега цврсто
не пуштај, стискај,
себично привиј го мигот
и, пак, барај, слушај,
сонувај, танцувај со огнот.
Болка е звукот
на виолината втора!

# Јас и јас

Јас и јас
и многу помеѓу нас:
молк без причина,
далечина без мостови,
време без простори,
игри без граници,
поетски брканици,
црно на бело пишаници,
коски од други доглодани,
живот на почек допирлив,
моменти и спомени собирлив.

И уште помеѓу нас:
тајни непризнаени,
копнежи неисполнети,
бакнежи недобакнати,
допири недопрени,
љубов на моменти,
сраснатост со трнчиња,
ветувања напразни,
пречек без цвеќиња,
испраќања без порои,
и, пак, молк, молк и молк...

Уште колку ли ќе живееме?

# Роман прв

Моите очи и твоите очи
заглавени во лифтот стоеја,
слеани во зеленилото
на истата боја
за разбирање шепотеа.
Моите очи
во црн оквир заокружени,
твоите очи
без ореол здружени.
Моите очи во твоите
огледало престорени,
твоите очи во вистинско
богатство измајсторени.

# Ретка слика

На Македонка

Пред сиодвање,
во огледалото загледани:
Таа – со насмевка, шеснаесетка,
сјаен оган во очите,
полни порој за гаснење,
Тој – со изгор очи затворени,
усни цврсто на рамо прилепени,
занес со Кирон притиснат,
миг во момент пропаднат.
Таа - во молк како Божица,
заслепена, оглувена, обезглавена божем,
Тој – како славеј во ноќ - дење распеан,
да се каже, да се докаже, да се покаже.
Во чиј ли ум вистината да се вреже?
Огледани сега, одгледани во друго време,
загледани во иднината,
во далечијата, во небидднината...
Таа и тој – маса во етер,
тој и таа - магла во ветер!

Кирон - Kairos ( Во старомакедонската митологија, Кирон е младич со кој е претставен испуштениот момент)

# Среќо моја

Те читам, среќо моја, како селски буквар,
љубоморно чуван во туѓина, да се најде,
те разбирам како гатанка игрива,
за залажување на деца измислена!
Се обидувам катаден да те пронајдам,
низ поговорките македонски да те обликувам,
па од нив ука да земам, за постапки непредвидени,
зашто сѐ знам, ама да те избегнам неумеам,
среќо, зашто јасно ми е како бел и јасен ден
во која грмушка зајакот брзоплет лежи, среќичко...
Јасно ми е дека и јас како и ти сум врзана во вреќа,
јасно ми е како кај баба Ванѓа да сум била
и како од ракав судбината да ми ја читала.
Иако немоќна пред тебе сум се исправила,
сакам да чекориме во друга димензија, среќо,
сакам да бидам достојна на твоето внимание,
сакам да не бидам игнорирана, одмината, поиграна,
да не бидам опседната, здодеана, збурбатена,
па, толерирам, трпам и се радувам среќо моја,
само трошка, дел да сум на патеката твоја.

# Зависност

Зависам од витамините :
А - за добар вид,
очите да ми се отворат,
Б - за смирување,
спокојот да ме надвладее,
Д - за добри коски и нокти,
низ душата цврстина да пронајдам,
со ноктите разумот да го расчепкам,
Ц - за кислород во крвта неопходна,
низ вените прочистена да тече,
вештачки хемикалии
хемијата да ја победат,
неопходни да се помине денот,
да се преживее.
Зависам од далечината,
во зависност претворена,
зависам од зависта
што во птица не сум престорена,
Зависам од зборот речен,
од мислата пофална,
зависам од пораката електронска,
навидум неважна,
а клокотлив вител што за мене е.
Зависам од тебе, судбино натрапна,
зависник сум беспомошен,
на почек вечен,
така разбуден,
а едноставно рамнодушен.
Смилувај се судбино,
има ли лек за мене?

# Роман

Во романот сé е живо,
така туѓо и така свое.
Ликовите допираат внатрешна вистина,
ѕвездите изгледаат далеку напати,
сé ѕирка во невроните на писателот,
се создава филм за небиднината.

А кој знае, што небиднината крие?
Биднина ли потсвесна,
во туѓи дворови заседната,
синило ли, тајно посакувано
кое во одреден правец трасира,
црвенило ли, со копнеж покриено,
црнило ли, замаглено, замрачено,
натежнало, притиснало недоквачено...
„Секоја планина со својата тежина”
притиска и боли на правото место.
Припокриено!

# Во мракот

Изгасни го светлото,
не гледај,
не допирај,
само мирисај,
чувствувај,
слушај...
Чуј го срцето
во шепот што трепери.
И очите затвори ги,
врати се назад
во друго време,
врати го часовникот,
избриши ја димензијата,
запиши ја во кортексот вибрацијата,
нова, посилна, поболна,
невистинска,
а така верна!
Земи здив и внимателно изусти:
“Убаво е да ти биде човек сé!”

# Божилак

Волшепство од сонце и дожд креирано,
дисперзирано низ призмата на боите,
две страни – два краја и лак од среќа,
така еден, а така далечен, бесконечен.

Велат да го допреш богат ќе бидеш,
велат под него да се протнеш
среќата пред тебе за век ќе шета,
велат, ама сé премеруваат и пребројуваат
и богатството и среќата да ти ја делат.

Божилак бев на едниот крај еднаш,
божилак божемен, блажена жена,
божилак волшебно слиен со крајот друг,
божилак божествен лак, а споен во круг.

За кратко само во потрајот спокој сетив,
за кратко само во душата мир осетив,
за кратко само носев преслатка рана
за кратко, како Божилакот и јас бев во нирвана.

# Сонце и месечина

Сонце и месечина,
два брега,
два краја,
две бројаници
еден за друг создадени.
Се гледаат на поминување,
осудени на разминување.
Сонцето ја осветлува вечно
во силниот блесок ја сокрива,
во мракот само ја покажува,
така сонот во јаве го открива.
Да не го познаат, да не го препознаат,
да не го дознаат, да не го осознаат,
тајно да ѝ се радува во темнината,
љубоморно ја заслепува во виделината.
Таа, пак, немоќно понекогаш ќе го затемни,
само таа да го гледа посакува,
кратко ѝ трае радоста месечинска,
само миг и повторно не го поседува.
Сонце и месечина,
вистина недоречена!

# Поплава

Пролетен порој
бразди зарежува в душа,
ги влече со себе и болката и тагата
длабоко закопани во тишината.
Го измива некажаното,
го носи до немајкаде,
за, пак, да излезе навидум
некако, затскриено, секако.
Чунки, од вистината не се бега,
се топори таа секогаш напред,
непослушно турка ѕидови цврсти
и излегува извајана во илјада врсти.
А денешниов живот наредува немо:
„...чувај ја во себе секогаш занемено,
не треба друг да ја брсти...”

# Метаморфоза

Посакував горда Царица да сум,
над умот твој да владеам простум,
господарка на твоите творби да бидам
и во ноќ и на јаве, в срце гостинка да ти идам.

Сега само сакам твоја мисла да сум вечна, стрела,
неодминлива, стројна, цврста и ранлива цела.
Неопходна, постојана, како пеницилин важна,
што се зема еднаш во денот вистинска, а не лажна.

# Дека ти не си јас

(На моето второ јас)

Да мислиш како што не мислиш,
срцево стегнато во исчек не ќе ми стои.

Да правиш како што не правиш,
радост во жили ќе ми засадиш.

Да дишеш како што не дишеш,
со здивот свежина во душа ќе ми внесеш.

Да даруваш, како што не даруваш,
посиромашна за копнеж ќе бидам!

Да сакаш како што не сакаш,
збор два и на бел лист и
в срце со стрела ќе забодеш.

Има за кој, за спокој, за векој!

# Вечна здравица

Имало зошто со златни букви не било пишано пред години,
имало причина да се почитуваат одлуките на наште Богови.
Имало пелин израснат на врвот и гороцвет домаќин на црвот,
имало имање за поимање и немало поим за век векување.

Сѐ треба да е како што е планирано однапред од некој друг,
сѐ треба да е душа чиста, неизвалкана, отворена и бистра,
сѐ треба да е обратно од посакуваното, од себично одредуваното,
сѐ треба да е ситен вез, вредно извезен со другарска монистра.

За доброто на сите, за секогаш нека е оваа здравица,
за доброто на сите, за век векување со својата царица,
за доброто на добриот, за лекот на плодотворниот,
за берикет и среќа, за радост и живот и на оваа убавица!
На здравје!

# Седенка во Стоби

На сон или на јаве, на седенка заседнавме
рано едно утро, јас, Царот и Боговите,
кај што Еригон* и Аксиос* се спојуваат,
за вечен век заедно да векуваат.

Јас, како Грација, исто накитена,
исправена во гордоста своја порабена.
Разиграна,продуховена и преубава,
со насмевка среќа и радост што емитува.

Царот- како Дион* среде лозје исправен,
со светнати очи – блесок жежок, опиен.
од Артемида* со ниет благословен
ко плен да очекува лесно добредојден.

Како мимичар од глина изваjан,
таен јазик со Боговите зборува,
да го почнат веќе договореното,
да го направат уште несторено.

На Психа* и шепоти в душата да ми чепне
на Ерос* со страст да ме гребне,
на Купид* со копнежлива стрела да ме падари,
на Изида* со неизмерна плодност да ме надари
и желба во потсвест да ми вдахнат сите,
да не го испуштам од срце низ вековите.

А тој, Царот, како паун да се шета,
од живот во живот каков што е редот,
од паунов пердув во нов паун да се стори,
да се прераѓа, во недоглед да се обновува
до бесмртност името мое да го повторува.

Амин, рекоа сите суштества Божји,
амин, Немеза* рече и со збор и дела пресече:
Јас и царот да царуваме во темнина,
Божјо благословени, добросани ,
осудени на немост и на гест, пеплосани...

Еригон - Црна Река, Аксиос – Вардар, Дион - Бог на виното, Грација – Божица на убавината, на китењето на разиграноста,
Артемида – Божица на ловот, Психа – Божица на душата, Купид – Бог на копнежот, Ерос – Бог на љубовта, Немеза – Божица на судбината

# Рак

Еден чекор напред
два назад оди,
ем му иска,
ем му стиска.
„Те сакам”, ќе рече
и во себе ќе се повлече.
Ќе талка, ќе плива.
во матно ќе збива.

Еден чекор напред
два назад оди:
„Ми недостасуваш”, вели
и, пак, со чувствата ќе игра.

Тврдоглав, тврдокожец,
тврдоклопен се инаети.
Созрева години дваесет и пет,
созрева за туѓ благодет!

# Фуснота

Јас и јас
секогаш на глас,
јас и јас
секогаш ко нас.
Нашето таму
кога станува тука,
ново таму
се раѓа тука.
Таму и тука,
тука и таму,
се гонат,
се сонат,
се рудат,
се будат,
едно за едно
живеат,
едно без едно
едно = ниедно!

# Бајка

Лично авторот во бајка ја внесе,
во височини ја вознесе!
Ја стимулира, ја дотера,
со ѕвездена прашина ја разнесе!

Ја смести во времето негде,
времето што за почеток не знае.
Ја удостои со среќа, со радост,
мислеше, ја наслика со неминлива младост.

Лебди во беспростор насекаде сега,
лебди и излез од бајката бара...
Времето се мени, модерно стана,
принудно, умира душата стара...

# Огледало

Не, не сум си јас во мојава кожа!
Некој друг се вгнездил тука.
Ни огледалото не го препознава
чиј ли тоа лик ми се осознава?

Убавината несетено земала збогум веќе,
не ми изгледа лицето како утринско цвеќе.
И радоста од очиве некако исчезнала цела,
венеам, копнеам за разбирање на душава бела.

Чии ли очи ме гледаат тажно,
кога погледот ми во моите гледа?
Кој ли ме опива, ме мачи, ме врти
чија ли душа во мене постојано ’рти?

Прашања безброј, одговор нема,
животов во тишина сѐ ми одзема...

# Еј, ти

Ти, да, ти, ти таму, ти!
Каде ли се скри?
Залуден е отпорот,
има зошто се случуваат
нештата неочекувано видливи!

Значењето, вибрациите,
енергијата круг што прави,
предизвик се за виденија,
сведоци се на чудни дејанија!

Еј, ти што скришно патиш,
пати, бори се со умот,
но, знај дека борбата
со реалноста нема крај!

Еј ти, времето нема почеток,
ти, биди афионско зрно во рај,
врати се во просторот твој,
во ѕвезден бескрај е само тој!

# Талкање

Без објаснување
секој сомнеж
нов живот добива,
без објаснување
ни сонот нема мир.
Без објаснување
копнежите диво растат,
без објаснување
мракот е недоодлив.
Без објаснување
талкање во магла,
тонење во бездна,
живот под казна.
Без објаснување.

# Релативен поглед

Го слушам
звукот на твоето
присуство,
кое ѕуни
во моето духовно
уво постојано.

Те гледам,
паралелна
линијо моја,
ме следиш
во правец на
Ајнштајн,
со надеж
за допир во
бесконечноста.

Геометријо
моја,
кој е твојот
ангел?
Препознај го
во спектрумот од бои
невидлив за око,
а гордо исперчен
на небото горе!

Поезијо на мојот
живот земски,
творечка енергијо
рамна на светлината,
роди ме повторно
во светлина,
доблест направи ме,
на патот свој,
не заборави ме!

# Судбина

Прецизно работам
како песочен часовник:
умот ми се празни,
срцето ми се полни.
А тоа, пак,
има ум свој,
прави без
да праша,
без да помисли како
песокот ќе го врати
горе?
Од полно срце,
глава се губи!

# Бегство и надеж

Каде ли побегна милоста?
Како молња штом блесна,
ја снема веднаш.

Каде ли побегна љубовта?

На зборови тука беше,
на дела ја снема!

Каде ли побегна среќата?
Во насмевката што
принудно замина, се скри!

Што ли остана сега?

Надеж, недеж, надеж
за разбирање,
за мечтање, за живот!

# Задоцнет воз

Немој ни солза да
пуштиш ако умре,
не зборувај тогаш ти,
не барај, не чепкај,
по мислите не бркај...
Се растури сѐ
што беше столб.
Сѐ се сруши наеднаш
како кула од карти.
Пак биди глув за воздишки,
биди слеп за постоење,
биди тврд на себе,
биди без мирис,
вкуси ја горчината,
гледај сѐ самиот
како и секогаш,
прости си предвреме!



# ХАРМОНИЈА

# Хармонија

Есен е.
Ако!
Правеа вино
заедно:
Тој го чепкаше грозјето
зрно по зрно,
таа ги ставаше во бочвата
едно по едно.
Тој го опејуваше
црвенилото од срце.
Таа газеше по грозјето
ситно, чекор по чекор.
Тој ја преточи крвта
што живот значи,
таа ја сети слатката шира.
И во рана есен -
хармонија...

# Ветер

Се распавтал денеска ветерот лудо,
себично дозволува само звукот
негов да се слуша, да боботи в уши.
Се распавтал големиот, од сите страни дува,
не се знае што пред себе сигурно мете.
Што му предизвикало еуфорија жива,
та пафта и збифта, сé пред себе слече?
Каква ли лутина, во градите влече?

За лошо ли е, ил за арно така жив,
сал Господ знае во животов див.
Опомена ли е, коб ил видение црно,
или, пак, радост, нов никулец в зрно?
Се распавтал надвор, се распавтал в гради,
полека и упорно душата ми ја аби.....

# Ни почеток, ни крај

Пушти го умот
на пасење,
отвори ги
сите вијуги,
сфати ја бесконечноста
и вечноста,
стани светлина
и музика,
гледај, слушај,
чувствувај, мирисај,
допирај и мисли.
Биди молња
со причина,
биди хармонија
со смисла,
биди совршенство
на вселената!
И исчезни, повторно,
во светлината!

# Што е Среќата?

Раздавај се себе си,
поету-тоа е среќа!
Среќата е чест
да читаш со знајни,
на поетски читања
безначајни!

Среќата е радост
распламтена,
во срцето со
збор забодена.
Среќата е среќа
само ако е споделена.
со доброто ти срце
на блискиот ти по дух.

Среќата е душа
одвнатре прекрасна!
Со моќта на зборовите твои
завиткај ја во хармонија,
поету!

*

Ако служиш друго му
среќата те прати до века.
Пој ги луѓето со среќа, поету,
која извира од доброто ти срце,
згасни им ја жедта за љубов!

Среќата раѓа радост,
радоста раѓа среќа,
сонце во очите потонато,
чиниш, за навек!
Наоѓајќи ја среќата
на колена сме паднати, поету!

Направи ме голема,
со молкот на перото твое,
дај ми сила да стојам исправена,
да не потклекнам на искушот.

*

О, животе мој,
трагедијо исполнета со радост,
каде вјасаш ваму?
Оправи се на патот со калдрма
поплочен.
Дај ми снага ден за ден ,
дај ми сила од немајкаде,
истури ја пепелта на битот пишан,
како феникс извади ја радоста нова,

па, летај високо, високо
горе, прелетај го и моето море,
долетај сило, далечна,
во пазуви слетај ми волшебно
и гушни ме нежно и мило,
со шепот тивок погали ми чело,
во спокој стави ме,
радост да барам,
со среќа,
од Ѕе аманетот,
дозволи ми да ти го дарам!

*

Среќата моја,
среќата твоја
два поима
во ќорсокак потиснати.
Радоста моја
радоста твоја,
две жарчиња
во очите блеснати.

*

Среќата создава среќа,
радоста множи радост,
смеата испилува смеа,
музиката дарува музика,
ѕвездена прашина за душата.

Музиката и смеата се дробни
нешта скриени во срцата
засекогаш.
Поету, испрткај ја со жезлото поетско
пепелта,
остави сонцето да ги огрее
и излечи раните несакани.
Вечност!

# Немир

Чиниш, пред години,
многу, многу одамна,
го гледаше светот поразлично.
Ќе дојде време друго,
кога повторно
различен ќе стане тој.
Кога чувствуваш треба
да се издржи чувството.

Треба да се сетиш
како чувствуваше,
кога чувствуваше ти!
Чувството не се
одвојува од минатото,
ја нема и инспирацијата веќе,
сепак, исправи се,
истрај, обиди се...
Полна месечина!

# Фиљан – човек

Препреките се само
топчиња страв,
а не пречки.
Грандиозната
големина има
и микрочувствителна
содржина, сепак!
Како дете завиткано
во форма на фетус
се обидува да
се скрие од предизвикот,
Ако животот не дава кураж,
индивидуално окуражи се!

## Меѓу редови

Еднаш кога ќе почнеш
да читаш меѓу редови,
линиите меѓу редовите
стануваат опсесија,
те занесуваат,
те збрлавуваат,
те излудуваат...
Всушност, твојата вистинитост
е нечија фантазија!
Филмот во твојата глава
е уникатен! Твој!
Очигледно, објективноста
е невозможна.
Разбирливо,
патот до пеколот е
секогаш послан
со добри намери!

# Совет

Ако ме прашаат мене совет да им дадам,
ним страсно ќе им речам:
„Вистината пронајдете ја еднаш,
за луѓе да станете веднаш!"
Погледнете во себе прво,
исчистете дамари црни,
извадете љубов и правда,
добрина и насмевки заборавени.
Со нив напред тргнете,
радост на сите дарете.
Среќата сама ќе ве пронајде,
од ќорсокак ќе ве извади и ќе ве следи
се додека вашето сонце на зајде.
Оставете зад себе гордост,
постелете пред себе радост,
и раната слана тогаш изгорот
во бериќет ќе го слее.
Направете паметник вечен
во вашата душа што твори,
со добрите дела преслечен,
низ генерации за вас да се говори.

# Светулка

Како светулка
во мракот,
мигот на
среќата
поминува!

Сега сé е забрането.

Забрането е
миризот
да се слуша,
забрането е
за свеќа
во душа,
забрането е
за здивеан здив,
забрането е
да си жив!

Некои луѓе
живеат умрени!

# Моќ

Мисли убаво
и цветот тогаш
поубаво мириса.

Чувствувај
посуптилно,
и славејот тогаш
поубаво пее.

Слушај
повнимателно,
и срцето тогаш
постојано чука,

отвори ја душата
и вселената
ќе ти ја отвори
среќата
космичка,
ѕвездена,
судена!

# Panta Rhei

Што го движи денес светов?
Пари ли се, ил богатство,
или љубов света, вечна,
овдешна, слепа ил далечна?

Ниту пари, ниту љубов,
светот напред само оди
ако страв во човек плоди,
уплав малку да се роди.

Многу малку, колку да é,
да се движи, да не чека,
живот тече како река,
со проблеми сé до века.

# Бездна

Не се ни плаче сега
- не е сѐ за плачење.
Најтешка е казната
на безборот,
лебдење во агонија.

Мислата ги подлутува раните
отворени,
    незараснати,
        неизлечени,
            продлабочени...
Тури му пепел
 на животов!

# Езгија

Не чекорам по земјата
на мојот живот веќе,
ги испуштив уздите
и сега коњот во
свој правец ме влече.
Ме трга лево, ме трга десно,
се виори таму, а потем ваму,
се врти во круг,
ми одзема време,
ми одзема здив,
ми одзема години
мечти, крв и семе.
„Со сила убавина не бидува”,
шепоти македонското во мене!


МОЈА
МАКЕДОНИЈА

# Makedonija katana mundi

На мегдан
ej, Македонци,
за Армакедон
излезете!
Од вашето – туѓо
не правете,
со доброто зло победете!
Ej, вековни паталци
очи отворете,
срце раширете...
Ej, прадедовци
аманет испраќаат:
чакрите очакрете ги,
црквите отворете ги,
одродите проколнете ги,
изродите дотолчете ги!

Ej, свето вљубени,
ej, свето примати,
ej, свето писмени,
ej, ѕвезди водилки,
ej, ти розо на водата,
жива да си,
и Сонцето без
тебе не е сонце,
Македонијо!

# На патот за Македонија

Седам и чмаам занесена
во звукот на природата,
во шумолењето на листовите,
во црцорот на птиците,
во песната на штурецот,
во зеленилото на пролетта,
во светлината на сонцето на заоѓање...
И токму тука го наоѓам спокојот.
Навечер кога заоѓа
во сончоглед се претворам
го испраќам со поглед на патот
кој неминовно води кон тебе.
Знам дека малку ќе те погали,
додека кај тебе денот цари,
знам дека малку од мојата љубов
и денес ќе ти дари,
знам дека најбрзо така
копнежот ќе го намалам.
Стрела, зрак допир
по сонцето ти праќам,
Македонијо моја, многу те сакам!

# Кокино

Добредојдов во Кокино!
Привлечно, исконско
висинско, македонско здание.
Бакнеж врз каменот,
длабок здив за врвот,
поглед и полна душа,
среќа на престолот,
поистоветување со душата.
Ритуали,
    скокот,
        игри со зборови,
            боцки со разумот,
                боливач за лек и
                    за закит во косата...
Враќање во минатото,
Царица на непокорот
и, пак, бакнеж,
на врвот на Кокино.

# Куклици

Како кукли македонски
во долина стојат исправени,
како сведоци занемени
низ приказни незаборавени,
како сватови скаменети
легенди во себе чуваат:
легенди за љубовен престап,
легенди за скриени желби,
легенди за тајни недоветни,
легенди за судбини човечки,
легенди за реченото,
за недореченото,
за младоста,
за лудоста на староста...
Судбино, зошто копаш низ душава?

# Албино – пауница

Видена на „Свети Наум”

Белосветска убавица,
грациозно шета
низ манастирските дворови
неколку лета.
Како сам Господ да ја создал
таа убавина непостоечка,
да сведочи за чистотата исконска
на верата македонска.

Белата пауница за светците знак ли е,
за македонска невеста симбол ли е,
ил, пак, стара мома немажена,
за љубов среќна пострадана е.
Чиста, како езерото проѕирна, бистра,
безлична, а така горда, нажалена,
просто плени со убавината разгалена.

„Убавината е минлива”, мудрецот рече,
паунот егото на друга страна го влече.
Пауницата е сама и несреќно вене,
дали среќна била, ќе покаже самото време.

# Липите празнуваат

Липите празнуваат во мојот крај,
мирисаат тие и во
втората пролет на животот мој.
Од атомот на
липовиот мирис во Македонија,
преку  молекулата на сеќавањата,
до дивото месо во утробава,
бодеж ми е збогувањето...

Низ градите и во туѓина ми иде,
тој, липовиот старокрајски вдах,
спокојство и мир да ми биде.
Да сетам нов живот, љубов,
заедништво и хармонија да сетам,
да сетам, шумолење и опојност
Божја, по македонски, да сетам!
Да сетам почит кон почитта,
та, да липам, под липата да липам,
мирисот нејзин да ми ја
одлути раната стара,
прошка и пресуда
во едно да биде и да биде, да!

Ме тишти мирисот
на липите старокрајски,
во втората половина
на мојата вечна пролет, пак!

# На збогување

Последните минути во Македонија
последниот здив ми го зедоа,
последен поздрав проследен важно
последен стисок на срцето тажно.

Каква ли песна да напишам сега,
радост во мене да асоцира?
Како ли стихови да излезат надвор,
та да бидам слободна, а не в затвор?

О, земјо сакана, родино мила,
сокриј ги во себе сите патила.
Чувај ја само љубовта моја
нежна и топла во утрински свитила.

**доц. д-р Христо Петрески**

## Трајни и трогателни напеви за далечијата и небиднината

Поетската книга „Двојник” од Жаклина Михајлова претставува поетски дневник, ѓердан од чувства, опомени и патоказ, излив на пораки и страсти, сведоштво и документ.

Всушност, нејзините песни се творби на/за вознесот, за устремите и падовите, за посакувањата и разочарувањата.

При силниот емотивен набој, акцент е ставен на двојникот, на истомисленикот, кој телепатски, речиси сосема исто чувствува и мисли, па и идентично се однесува, размислува, пишува...

Навистина, ретки се сродниците во животот, преплетувањата и поклопувањата, односно, не само физичките, туку и менталните удвојувања.

Дел од поетските творби во стихозбирката „Двојник” се создадени во Република Македонија, а дел во далечната Австралија.

Дури и тука постои двојство, но тоа е само географска биполарност, териториjална оддалеченост, физичка немоќност, додека духовните пораки се едни и единствени.

Жаклина Михајлова е горда и стамена Македонка, која испишува искрени и доживеани напеви и рефрени за својата родна земја, за прекрасните и незаборавните предели, за потомците, наследниците и следбениците...

Нејзините лирски песни се полни со топлина и нежност, треперења и вибрации, кои во конкретниов случај (во стихозбирката „Двојник”) функционираат и импресионираат симбиозно и нераздelno како пориви и резултати на две тела, а само со еден здив.

Михајлова го истражува, раздиплува и разгатнува времето во

просторот, но и просторот во времето.
Притоа често памукот е камен, а каменот памук.
Отргнати, грабнати, откинати се миговите, па слободно можеме да констатираме дека оваа поетска книга е хроника на грабнатото, изминатото, но не и изгубеното време.
Далечијата и небиднината се само две од повеќето присутни и опсесивни теми, неразделно и судбински поврзани и со егзистенцијата, односно – кога (и како) треба да се помине денот и да се преживее.
Електронските пораки создаваат само привид, но тие носат и позитивен немир, (не)очекувана информација, зависност и задоволство...
„Секоја планина со својата тежина” - ја стихува повторно оваа поговорка авторката, обраќајќи му се на конкретниот, но и на имагинарниот читател, распнати и соочени сите заедно помеѓу сонцето и месечината, како вистина недоречена. Една од најубавите песни во книгата е песната „Дека ти не си јас”.
Инаку, во книгата „Двојник” не изостануваат и песните за задоцнетиот воз, хармонијата, пишувањето и читањето меѓу редови, за Кокино, Куклици и други, како и стиховите од творбите „Makedonija katana mundi” и „На патот за Македонија”.
Оваа книга евидентно ја потврдува и посведочува авторската зрелост, исконската творечка потреба, родољубието и човекољубието, природноста и искреноста, мечтаеноста и почувствуваноста, фактографијата и документарноста, мисловноста и сликовитоста, миговноста и вечноста, просторноста и временоста, современието и вечноста.

м-р Марина Мијаковска

„Двојник” во писмото и световите од хартии

*„...Како на стража војникот над*
*мојот разум царува двојникот.*
*Исправено, постојано, цврсто*
*стои и клука неизмерно во*
*мислите мои...”*

По поетското деби „Од по жица” од Жаклина Михајлова, во новата стихозбирка, оваа македонска поетеса продолжува со шумоливото и емотивното поетско создавање соѕвездија. Стихозбирката „Двојник” на Жаклина Михајлова е исклучителено впечатлив ракопис во кој авторката на умешен начин создава поетски пораки за внатрешниот и интимниот свет на женското битие. Поезијата е интимистичка, длабоко емотивна, облечена во лапидарна, разиграна и модерна форма. Низ ѕидовите на кусите песни провејува духот на женската душа, а пораките се споделена интимност на женското битие – истражувач и трагач по среќа и простор за себе и за двојникот свој. Поезијата е творечка енергија, двојник на писателката, паралелен свет, моќ и животна светлина од чија прашинка се создадени световите со душа за лирското „овде” и метафизичкото „таму”.
Поезијата на Михајлова е дијалогична и во неа лирското јас е во постојан дијалог со себеси, со сопствените мисли, емоции, светови и просторности од типот „овде” и „таму”.
Лирското јас е на постојан расчекор помеѓу прашањата за двојството помеѓу: Јас и Јас, Јас и Ти и Јас и Тоа.
Низ дијалогизмот на монолошкото јас истовремено се огласува авторовото не-јас. Таквата рефлекција може да се забележи од следниве стихови на Јас и Јас:

**Јас и јас / и многу помеѓу нас: / молк без причина, / далечнина без мостови, / време без простори, / игри без граници, / поетски брканици / црно на бело пишаници, / коски од други доглодани, / живот и почек допирлив, / моменти и спомени собирлив.**

На оваа авторка и се иманентни копнежот како главен именител на женскоста и женскиот трперлив глас низ кои се слушаат темите за: љубовта, осамата, тагата, далечната татковина, празнината... Книгата е мозаик структуриран во три циклуси:

Илузија, Хармонија и Моја Македонија.
Во поетскиот циклус Илузија во песните (Песна, Двојник, Рак, Прашање, Не како што е речено, Зависност, Роман прв, Роман, Божилак, Сонце и месечина, Поплава, Дека ти не си јас, Фуснота и др.) провејува гласот на женскиот лирски субјект што копнежливо талка помеѓу прашалниците, поделените простори, илузиите од мракот и светлината, тагата и радоста. Низ поетскиот дијалог на лирското јас и другите, всушност се трага по љубовта, возвишеноста и високите идеали за совршената среќа. Двојникот е амблем на целата стихозбирка и е нејзин патоказ во просторните светови и егзистенцијални состојби и дилеми. Затоа со право може да се каже дека овој циклус е главно творечко јадро на целата стихозбирка.
Во вториот циклус врамен под насловот Хармонија, авторката во песните (Хармонија, Ветер, Немир, Фиљан – човек, Светулка, Меѓу редови, Бездна, Егзија, и др.) создава лирски субјект кој за миг е порационален и поподвижен во световите ,,над” и световите „таму”. Во треперливите поетски ноти, лирскиот субјект води борба помеѓу непремостливите простори и поделените состојби. Тоа најефективно е обоено во стиховите од песната Езгија, кои во себе носат исконска и поентирана патриотска порака:
Со сила убавина не бидува, / шепоти македонското во мене!
Во последниот, а воедно и третиот циклус Моја Македонија, авторката е во дијалог со сопствените корени, својата душа и родното огниште. Во песните (На патот за Македонија, Кокино, Куклици, Албино-пауница, На збогување и др.) лирското јас е во дијалог со македонскиот бит, македонскиот двојник и просторот Македонија. Конечно во овој последен циклус ги добиваме одговорите на прашалниците за тоа кој е двојникот на лирскиот субјект. Јадицата се уловува во копнежот да се биде поврзан со сопствената татковина, а македонскиот бит е одраз и отслик на сопственото двојство. Тоа може да се проследи од песната На пат кон Македонија и од следниве стихови:
**Стрела, зрак допир по сонцето ти праќам, / Македонијо моја, многу те сакам!**

„Двојник” од Жаклина Михајлова е извонредно поетско писмо преку кое авторката уште еднаш ја потврдува писателската зрелост, талентот, изградениот стил и поетското техне. Со задоволство им го препорачувам на љубителите на поетските светови од хартии.

## Белешка за авторот

Жаклина Михајлова е родена на 10 март 1964 година во Кочани, Македонија. Во Сиднеј живее и работи од 1990 година.
Во 1984 година, завршила Педагошка академија во Скопје, а во 1986 година завршила Филолошки факултет – група „Национална литература и македонски јазик”, на Универзитетот „Кирил и Методи”.
Од најраната детска возраст се занимава со литература и култура. Била член на Детската радио драма, при Националното македонско радио, а глумела детски улоги во повеќе радио драми и телевизиски серии. Работела како новинар и водител во Македонската телевизија, како професор по македонски јазик во гимназијата „Раде Јовчески – Корчагин” во Скопје, како дописник на повеќе весници и списанија низ светот, како уредник и водител на Македонските радио програми „Македонски бисери” во Волонгонг и „Македонски глас” во Сиднеј. Денеска таа работи како учителка по македонски јазик во редовното Основно училиште во Калтон – Сиднеј.
Жаклина Михајлова е еден од основоположниците и Уредниците на Македонскиот телефонски именик за НЈВ и Канбера - најтиражната публикација на македонски јазик печатена надвор од Македонија.
Таа е активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура и доброволно работи на организирање и креирање на Манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура и традиции. Таа е иницијатор и повеќе од 20 години организатор на Македонскиот бал за бизнисмени и професионалци во Австралија, а била организатор и на повеќе аматерски музички фестивали во Австралија , како и на два детски музички фестивали во Сиднеј : „Македонче”и „Златно славејче”.
Објавувала поезија и проза во најразлични литературни списанија и весници ширум светот. Досега ги има објавено збирката поезија „Од по жица”, збирката хаику поезија со наслов „Цут”, како и сликовницата за деца „Патувањето на Дедо Мраз”.
Жаклина е член на Друштвото на писателите на Македонија и член на Друштвото на новинарите на Македонија. Таа е Претседател на Македонскиот просветно училишен одбор на Нов Јужен Велс, член на Координативното тело на федерацијата за јазици на заедницата во Нов Јужен Велс, член на Асоцијацијата за модерни јазици на НЈВ, член во Македонското литературно друштво „Григор Прличев” од Сиднеј, член е во Австралиско – македонскиот театар во Сиднеј, а членува и во повеќе добротворни организации.